факти

# Насилство од интимниот партнер

Една од највообичаените форми на насилство против жените е насилството извршено од страна на сопругот или интимниот машки партнер. Иако и жените може да бидат насилни во односите со мажите, а насилство е утврдено и кај партнерите од ист пол, преовладувачките здравствени проблеми од насилството на партнерот ги сносат жените.

Насилството од интимниот партнер вклучува чинови на физички напад, психолошко малтретирање, присилен сексуален однос и други форми на сексуална принуда, како и разновидно контролирачко однесување, како на пр., изолација на личноста од нејзиното семејство и пријателите, или нејзин ограничен пристап до информации и помош.

## СТЕПЕН НА ПРОБЛЕМОТ

На насилството од интимниот партнер се повеќе се гледа како на важен проблем на јавното здравство.

- Во 48 истражувања на популацијата од целиот свет, 10-69% од жените пријавиле дека биле физички нападнати од страна на интимниот машки партнер во некој момент од нивниот живот. Во големите национални студии, бројката се движи помеѓу 10 и 34%.
- Повеќето жртви на физичка агресија се подложувани на повеќекратни акти на насилство во текот на подолг временски период.
- Физичкото насилство во интимните врски честопати е придружувано од психолошка злоупотреба, а во една третина до над една половина од случаите, и од сексуално насилство.
- На насилството од партнерот се должи и значителен број умирања меѓу жените. Студии од голем број земји покажуваат дека 40-70% од жените-жртви на убиства биле убиени од нивните сопрузи или момчиња, често во текот на постојана врска исполнета со малтретирање.

## КОЕФИЦИЕНТИ НА ЖЕНИ КОИ БИЛЕ ФИЗИЧКИ НАПАДНАТИ ОД ИНТИМНИОТ ПАРТНЕР - ИЗБРАНИ НАЦИОНАЛНИ СТУДИИ

| Земја | Година | Големина на примерокот | Коефициент на жени нападнати од интимниот партнер (%) |
|---|---|---|---|
| Канада | 1991-1992 | 12 300 | 29 |
| Египет | 1995-1996 | 7 121 | 34 |
| Никарагва | 1998 | 8 507 | 28 |
| Парагвај | 1995-1996 | 5 940 | 10 |
| Филипини | 1993 | 8 481 | 10 |
| Ј.Африка | 1998 | 10 190 | 13 |
| Швајцарија | 1994-1996 | 1 500 | 21 |
| САД | 1995-1996 | 8 000 | 22 |

## ПОСЛЕДИЦИ ОД НАСИЛСТВОТО ОД ИНТИМНИОТ ПАРТНЕР

Насилството од интимниот партнер се поврзува со многу непосредни и долгорочни здравствени последици, и тоа:

- физичка повреда,
- гастроинтестинални нарушувања,
- хронични синдроми на болка,
- депресија и суицидно однесување.

Насилството од партнерот го погаѓа и репродуктивното здравје и може да доведе до гинеколошки нарушувања, несакана бременост, предвремено породување, како и сексуално преносливи болести и ХИВ/СИДА.

Во просек, во текот на својот живот жртвите на насилство од партнерот доживуваат повеќе хируршки интервенции, посети на лекар и болнички престои отколку оние без историја на злоупотреба и малтретирање.

Иако насилството од партнерот не влијае врз општата веројатност жената да добие вработување, тоа може да влијае врз нејзината заработувачка, резултатите на работното место и нејзината способност да ја задржи работата.

Светска здравствена организација
Министерство за здравство на Република Македонија
Републички завод за здравствена заштита - Скопје
Фондација Институт отворено општество Македонија
Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ
unicef

## КОИ СЕ РИЗИК-ФАКТОРИТЕ ЗА НАСИЛСТВО ОД ИНТИМНИОТ ПАРТНЕР?

Многу фактори се поврзуваат со ризикот мажот физички да го нападне интимниот партнер, вклучувајќи:
- млада возраст,
- низок приход,
- низок образовен степен,
- вклученост во агресивно или деликвентно однесување во адолесцентниот период.

Историја на насилство во семејството на машкиот партнер (особено ако видел како ја тепаат мајка му, или ако доживеал насилство како дете) и растење во сиромашно семејство, се исто така, важни фактори поврзани со вршење партнерско насилство.

Многу студии утврдуваат дека прекумерната употреба на алкохол е цврсто поврзана со вршење партнерско насилство, иако се води дебата за тоа дали претераното пиење ги чини мажите насилни, или тоа се користи како изговор за нивното насилно однесување.

Одредени фактори на личноста, вклучително несигурноста, ниската самопочит, депресијата и агресивните или антисоцијални нарушувања на личноста,се поврзуваат со партнерското насилство, како и факторите нехармоничност или конфликт во материјалната врска.

Жените се особено подложни на злоупотреба од своите партнери во општества каде што постојат јасни нееднаквости помеѓу мажите и жените, строги родови улоги, културни норми кои го поддржуваат правото на мажот да биде насилен со својата интимна партнерка и слабите казни за таквото однесување.

## ШТО МОЖЕ ДА СЕ СТОРИ ЗА ДА СЕ СПРЕЧИ НАСИЛСТВОТО ОД ИНТИМНОТ ПАРТНЕР?

Напорите за борба против насилство од интимниот партнер во голема мера се фокусираат на:
- поддршка на жртвите,
- правни реформи и обука на полицијата,
- програми за лекување на извршителите.

Женските кризни центри и засолништата за натепани жени се камен-потпорник на програмите за жртви на насилство од партнерот. Овие видови програми нудат поединечно советување, обука за работа и помош при справување со социјалните служби и правните прашања. Некои од нив даваат и упати за лекување од дрога и алкохол.

Правните реформи, особено инкриминирањето на семејното насилство и напорите да се реформира полициската практика, се исто така, вообичаени методи за адресирање на насилството од партнерот. Меѓутоа, искуството покажува дека ваквите реформи немаат изгледи да дадат ефект, освен ако не се придружувани од значителни промени во институционалната култура и практика.

Програмите за лекување на насилниците обично користат групна терапија за дискутирање на родовите улоги и за подучување на вештините на решавање проблеми. Советодавните програми за мажи кои ги малтретирале своите партнерки се покажаа како успешни во помагањето на некои мажи да го модифицираат своето однесување, но обично стапката на откажување од програмите е многу висока, а многумина кои се упатуваат на ваквите програми, никогаш не присуствуваат на сеансите.

Други напори за адресирање на насилството од интимниот партнер се концентрираат врз конкретни средини како:
- болници и други здравствени средини,
- училишта,
- локални заедници.

Во текот на животот, жените се во контакт со здравствениот систем. Ова здравствената средина ја прави важно место каде што жената што трпи малтретирање може да биде откриена, може да и се даде поддршка и доколку е потребно, да се упати на специјалистичка нега. Постојните интер-венции во здравствените средини се фокусираат на обучување на давателите на здравствени услуги да ја препознаат и да реагираат на злоупо-требените жртви, и на изготвување упатства за соодветно справување со злоупотребата.

Училиштата се важна средина за активности за примарна превенција. И додека повеќето програми во училиштата го третираат младешкото насилство и заплашувањето, постои значителен простор за интегрирање таков материјал во овие програми кој ги истражува односите, родовите улоги, присилата и контролата. Промовирањето здрави односи кај помладите е клуч за спречување на насилството и на деструктивните модели на однесување.

Координативните совети или меѓуагенциските форуми се се popopуларно средство за следење и подобрување на реакциите спрема насилството од интимниот партнер на ниво на заедницата. Нивната цел е да разменуваат информации, да утврдуваат и да адресираат проблеми во обезбедувањето услуги и да ги унапредуваат добрата практика и свеста.

Други активности во заедниците вклучуваат работа со жртвите на терен, превентивни кампањи и локални медиуми за подигање на свеста за проблемот и за менување на општествените норми и однесување.